**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број:09-36/4**
**16.02.2024 година**
**Дебар**

| | |
|---|---|
| **ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ - Центар Жупа** | |
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 30 и 31 октомври и 1 ноември 2023 година |
| **Број на извештај:** | број 13/ југозападен/ 2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Џемо Демироски |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Подрачни училишта** | 2 (две) |
| **Основач на училиштето:** | Општина Центар Жупа |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик,турски јазик и албански јазик |
| **Број на ученици:** | 212 |
| **Полова структура на ученици:** | 121 машки и 91 женски |
| **Број на наставници:** | 46 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Белул Џафероски |
| **Директор на училиштето:** | Фехми Скендер |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 12,13 и 14 март 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Центар Жупа |
| **Телефон:** | 046 840117 |
| **Факс:** | 046 840117 |
| **e-mail:** | ouataturk@yahoo.com |
| **Оценка од интегрална евалуација** | Добар (2,60) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РСМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014;33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РСМ“ број 86/2006 година).

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција од 30, 31 октомври и 1 ноември 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“- Центар Жупа.

Државните просветни инспектори во текот на тридневната посета, извршија посета на наставни часови, остварија комуникација и средба со раководниот тим на училиштето, со стручната служба, со Училишниот одбор, Советот на родители, Училишната заедница, поединечни средби со ученици, родители, наставен и ненаставен кадар. Инспекторите посетија 29 наставни часови во централното и подрачните училишта.

ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ од Центар Жупа е општинско основно училиште со две подрачни училишта во село Броштица и село Горенци. Наставата се изведува на македонски наставен јазик и турски наставен јазик во централното училиште во Центар Жупа, додека во подрачните училишта во с.Броштица и с.Горенци наставата се изведува на македонски наставен јазик. Во учебната 2023/2024 година се реализираат наставни планови и програми преку изготвување на глобални, тематски, тематско-процесни и дневни оперативни планирања за час за задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава, програми за слободни ученички активности и ученички екскурзии. Наставните планови и програми се изработени од БРО и одобрени од МОН, кои во училиштето се имплементираат со однапред утврдена динамика. Наставниците од прво, второ, четврто, петто и шесто одделение изработуваат планирања согласно новата концепција за основно образование.

Наставиниците имаат план за ЕКО, МИО и план за примена на информатичка технологија во наставата.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности: екскурзии, секции и слично, што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Учениците од ова училиште редовно учествуваат на училишни, општински, регионални и државни натпревари. Училиштето во последниве три учебни години има постигнато значителни резултати и тоа:

- Натпревар по Англиски јазик на 21.03.2020 година
- Натпревар по Математика на 28.03.2020 година.
- Натпревар по Географија за 2021 и 2022 година, одржан е регионален натпревар по географија во подрачното училиште во с.Броштица, учество на државен натпревар по географија.
- Во учебната 2022/2023 година учество на регионален и републички натпревар по Географија. Освоено е 15 место од вкупно 120 учесници. Наставникот кој учествуваше на овие натпревари е награден на патронот на училиштето.

Во училиштето се реализираат содржини за Меѓуетничка интеграција во образованието преку одржување на часови со мешани паралелки на ученици од трите националности во самото училиште како и спортски активности во самото училиште и со ООУ,,Неџати Зекерија“ како партнер училиште. Училиштето има аплицирано во проекти од МИО во МОН за учебната 2021/2022 година и има добиено два гранта. Едниот е исплатен и со него се набавени нагледни средства за потребите на училиштето, другиот сеуште не е испалтен.

Училиштето има формирано Инклузивен тим со Одлука број 02-246/1 од 22.09.2022 година, и истиот има изработено Програма за идентификација на ученици со посебни

образовни потреби и образовни потешкотии. Стручната служба на училиштето заедно со наставниците ги идентификува овие ученици, го следат нивниот психофизички и интелектуален развој и настојуваат со различни средства позитивно да влијаат на когнитивниот, афективниот и социјален развој. Во училиштето има два ученика со ПОП со наод и мислење, за едниот е обезбеден обарзовен асистент за учебната 2022/2023 година.

Училиштето нема регистрирано спортски клуб.

Училиштето има целосна стручна служба и тоа: педагог, психолог, социолог и библиотекар. Во своите годишни програми за работа на директорот и стручната служба се планирани активности за подршка на наставниците по однос на изготвувањето на планирањата но имаме делумна реализација, дел од наставниците се изјаснија дека по потреба добиваат одредени инструкции во форма на подршка кога се планира и се реализира наставниот план. Директорот и помошник директорот ги информира наставниците за законскиот рок на изготвување и доставување на нивните планирања, а проверка на истите се прави на почетокот на учебната година и во текот на второто полугодие.

Во планирањата се застапени неопходните елементи за реализација на наставата, за време на реализацијата на интегралната евалуација е констатирано дека изостануиваат планирање на техники и форми на работа кои допринесуваат за квалитетна настава. Изостанува планирање и методологија на оценување.

Поддршка и помош на наставниците за подобро да ја планираат наставата не е на посакувано ниво, училиштето им дава подршка со тоа што им обезбедува учество на семинари и разни обуки во соработка со советниците од Бирото за развој на образованието како и инструктивна помош за наставниците-приправници од страна на назначените наставници-ментори. Наставниците кои предаваат во прво, второ, четврто, петто и шесто одделение изготвуваат планирања според насоките за новата концепција во основното образование а во реализацијата на истата најголем дел од нив користат интерактивни техники, форми и методи. Наставата во училиштето се реализира во класични училници. Посетени се вкупно 29 наставници, изземени се неколку наставници кои ќе се пензионираат оваа учебна година, дел наставници надополнуваат од средното училиште и дел патуваа по подрачните училишта. Во училиштето во предметна настава најголем дел од наставниците не применуваат интерактивни стратегии и техники на учење.

Директорот на училиштето беше назначен пред неколку работни денови и неможеше да се констатира дали го следи наставниот процес, помошник директорот беше ангажиран следел, имаше доволно инфорамции за целокупната работа, како и документација за својата работа односно евиденција. Сите наставници со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, нивната етничка припадност и религиска припадност како физичка попреченост. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, како и во однос на културните разлики, способностите, физичката попреченост, интелектуалната попреченост и друго.

Училиштето нема пропишана процедура за следење на наставниот процес, а тоа го прави преку договорен приод во посета на наставниците од страна на стручната служба и директорот на училиштето.

Средината за учење во дел од просториите за изведување на настава е мотивирачка, посебно подрачното училиште во село Броштица. Ѕидовите во училниците од предметна настава во централното училиште беа полни со изработки од ученици кои немаа едукативен карактер и не произлегуваат од работата на часовите. Подрачното училише во село Горенци беше во многу лоша состојба. Мал број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат. Учениците сметаат дека само понекогаш имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено во предвид. Поголем број ученици сметаат дека има добри односи меѓу учениците и возрасните во училиштето. Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците и преземаат конкретни активности за исполнување на потребите или отстранување на пречките. Во текот на целата година училиштето редовно реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области. Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Со критериумите за оценување се запознати учениците и родителите. Оценувањето во училиштето е континуирано и транспарентно тоа се констатираше и од состаноците со родителите и учениците.

Наставниците мора да внимаваат во планирањето на оценувањето Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго, но изостанува нивното планирање во наставниот план за час или во тематските планирања. Учениците понекогаш се вклучуваат во оценувањето преку само оценување и меѓусебно оценување.

Мал дел од наставниците во предметна настава користат различни инструменти и методи за оценување и многу малку ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата. Училиштето има пракса за известување на родителите за напредокот на нивните деца и го применуваат поголемиот број на наставници. Родителите најчесто се информираат за време на родителските средби и на нивна иницијатива. За својот напредок учениците добиваат евидентни листови од страна на класните раководители за секое тромесечие, а од родителите се бара да дадат повратна информација по добиениот извештај. На крајот од учебната година добиваат свидетелства за постигнатиот успех.

Можноста за информирање на родителот преку е-дневникот и програмата „Информиран родител“ преку смс пораки или маил е многу малку искористена заради тоа што родителите не покажале интерес .

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава, осигурен е само еден објект и тоа во централното училиште, другите два не се осигурани, наставниците и учениците не се осигурани.

Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, дворот, итн.) е безбедна (за време на реализацијата на Интегралната евалуација беа идентификувани 2 струјните места кои представуваа опасност за учениците и наставнот кадар) останатите простории не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди, но не изведува симулации. Училиштето има Програма и Протокол, пишани документи во кои се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните, што се сметаат за психичко и физичко насилство. Училиштето

малку пред учениците реализира обуки и работилници од областа на безбедноста и здравјето на учениците.

Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците, и се применуваат механизми за постапување и справување со појавата на различните облици на насилство.

Вработените имаат знаење за процесот на заштита на детето, но потребно е нивно дополнително обучување. Тие внимателно им приоѓаат на потребите на децата, но не секогаш ги земаат предвид нивните права, приватност и достоинство.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирањена наркотични супстанции, што подразбира дека во училиштето не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.

Пристапот во училиштето недоволно е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот. Во училиштето нема посебен тоалет за ученици со физичка попреченост.

Во училиштето има 8 ПП апарати кои се сервисирани на 24.08.2023 година, има еден хидрант. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства.

Во училиштето има формирано училишен Инклузивен тим со одлука број 03-58/1 од 02.03.2021 година.

Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти во секое време од денот. Ходниците, скалите, подот во училниците и останатиот училиштен простор се чистат најмалку еднаш во денот. Спортаската сала за која училиштето нема чиста надлежност за управување одржување и користење, беше во лоша хигиенска состојба, и не се користеше, вотриот ден од реализацијата на Интегралната, салата беше исчистена и во функција.

Дворот на училиштето не е чист од секаков вид отпадоци. Извршена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација на ден 29.08.2023 година.

Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката на иницијатива на одделенскиот/класниот раководител или предметниот наставник, и согласно протоколите на МОН во согласност со Министерството за здравство во соработка со родителите и/или другите релевантни институци. Систематскиот преглед на наставниците беше реализиран на ден 15.01.2021 година додека здравствено хигиенски преглед беше одржан на 27.03.2023 година.

Училиштето организира активности и има План и програма за професионална ориентација на учениците. Се спроведува анкета за избор на идно занимање, а учениците добиваат информации за понатамошно образование преку промотивни материјали на воспитно-образовни институции од Гостивар и Струга. Училиштето не нуди професионална ориентација за деца со посебни образовни потреби. Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците со емоционални проблеми и изготвија

социјална карта на учениците од училитето. За спроведување на процедурите е одговорна стручната служба.

Наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигањата, редовност, поведението на секој ученик/ученичка.

Напредокот на ниво на училиште системски не се следи. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката, добиени врз основа на сопствена проценка и проверка.

Наставниците подготвуваат извештаи по квартали за својата паралелка, што им се достапни на сите заинтересирани страни, на нивно барање. Резултатите од анализите не се прегледни и добиените податоци ретко се користат за подобрување на воспитнообразовниот процес и не прават анализи на ниво на училиште кои подоцна можат да бидат од корист. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Со сите активности што ги планира и презема училиштето, угледот/имиџот што го има може да се каже дека е подобрен. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот и истовремено постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот кадар, стручната служба и поголем дел од наставниот кадар играат важна улога во одржување на добра работна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Училиштето навреме и на правилен начин се справува со наставниците и вработените кои се однесуваат несоодветно. Училиштето става акцент на постигањата на сите ученици. Учениците имаат можности, согласно своите способности и интереси, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и воннаставните активности.

Вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и за време на активностите на часот и надвор од часовите.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Постои добра комуникација меѓу наставниците и родителите. Родителите се слободни за некој проблем да се обратат до стручната служба во училиштето. Низ демократска процедура се врши избор на претставниците на родители во Училишниот одбор. Одлуките донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и достапни.

Добра пракса на соработка бележи со исселениците од овој крај во Република Турција кои повремено донираат прибор и нагледни средства и помагала за учениците.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Работата на училиштето се одвива во едно централно училиште во една зграда, во една смена и две подрачни училиште во с.Броштица во две смени и с.Горенци во една смена.

Кабинетите по биологија, физика-хемија, информатика, како и помагалата по математика и географија, може да се каже дека се скромно опремени.

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, од минатата година е обезбеден и еден образовен асистент за деца

со ПОП. Во училиштето вработени се вкупно 61 лице од кои 43 наставници, 4 стручни соработници (педагог, психолог, социолог и 1 библиотекар), 1 директор, 1 помошник директор,1 секретар,1 книговодител, 6 прислужници и 2 чувара.

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку спроведување анкетен прашалник и обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми. Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и истиот е насочен за подобрување на наставата и учењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на Училишниот одбор се јасно дефинирани во Деловникот за работа. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со Деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и други органи во училиштето. Активно учествува во креирањето на училишната политика, ја дефинира визијата и стратегијата на училиштето, ја надгледува реализацијата, промовира развој и одржува отворен контакт помеѓу училиштето и интересите на заедницата.

Раководниот орган кој досега раководел, добро раководел со училиштето и во раководењето имал поддршка од најголемиот број на субјекти во него. Објективно ги оценувал квалитетите на вработените, фокусирајќи се на нивниот придонес во тимската работа која е одлика на раководењето на органот. Успешно раководел со училиштето, иницирал и донесувал одговорни одлуки во полза на современиот образовен систем. Целосно бил посветен на јасно поставени приоритети во развојниот план преку ефективна и конкретна Самоевалуција, а како цел на своето работење им давал приоритет на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес во училиштето.

Имал воспоставено добра соработка со непосредната и поширокатa заедница. Таа соработка резултирала со изградба на спортска сала, мини спортско игралиште во с.Броштица, оградено и безбедно училиште, фотоволтаични панели за електрична енергија, финансирани од владата на РСМ.

Целите поставени во Програмата за развој на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставниот процес и постигнувањата на учениците. Училиштето се труди да ги вклучи сите субјекти во креирањето и остварувањето на мисијата и визијата на училиштето.

Училиштето настојува постојано да го подобрува квалитетот на политиките насочени кон унапредување на квалитетот на работењето на училиштето, вклучувањето на

учениците со посебни образовни потреби во сите активности во училиштето, меѓуетничата интеграција во образованието и граѓански активизам.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ од Центар Жупа е добра (2.60)[1]

Самоевалуација: број 08-207/1, од 10.10.2022 година
Развојна програма: број 03-61/1 од 03.03.2021 година.
Годишна програма: број 01-148/1 од 11.08.2023 година,
Одлука од училишен одбор со број 01-148/3 од 14.08.2023 година
Одлука од Советот на општината за усвојување на Годишната програма од училиштето со број 14-309/4 оd 23.08.2023 година
Годишен извештај: број 01-139/1 од 30.06.2023 година
Инклузивен тим на училиштето: број 03-58/1 од 02.03.2021 година.
Тим за меѓуетничка интеграција: број 02-292/2 од 30.12.2022 година.
Партнер училиште:мултиетничко ООУ „Неџати Зекерија“ с.Коџаџик
Формиран е Училишен спортски клуб :
Училишните објект во централното училиште е оисигуран со полиса број 08001П080443, додека двете подрачни училишта како и вработените и учениците не се осигурани.
Ученичката заедница /ученичкиот парламент брои 12 члена, претседател е Мерван Фето. Ученичкиот парламент претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштето. Преку оваа заедница учениците имаат можност да учествуваат во креирањето и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето. Претседателот учествува во работата на Училишниот одбор на училиштето.

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

# Карактеристики на училиштето

ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ од Центар Жупа, е општинско деветгодишно основно училиште. Наставата се изведува на македонски, турски и албански наставен јазик во една смена во подрачното училиште во с.Бртоштица наставата се изведува во две смени на македонски наставен јазик. Во подрачното училиште во с.Горенци наставата се изведува во една смена на македонски наставен јазик.

Во учебната 2023/2024 година настава посетуваат вкупно 221ученик, организирани во 26 чисти паралелки и 5 комбинирани паралелки.

Во училиштето вработени се 61 лице. Наставата ја реализираат 43 наставници и 4 стручни соработници. Дејноста на училиштето е верифицирана со решение број 09-7400/2 од 30.12.2004 година, издадено од страна на Министерството за образование и наука - Скопје.

Училиштето е запишано во централниот регистар на РСМ под деловоден број 01/1-788-0-0-0 од 21.11.2017 година, како централно училиште со две подрачни училишта во с.Броштица и с.Горенци. Од административно-технички персонал во училиштето работат 2 лица, а како помошно технички персонал има 9 лица.

Воспитно-образовната дејност се остварува преку предвидените наставни планови и програми за деветгодишно основно образование, учениците од прво, второ, четврто, петто и шесто одделение наставата ја следат согласно новата концепција за основно образование.

Училиштето има соработка со локалната и деловната заедница, со институции, здруженија на граѓани, невладини организации и иселениците од овој крај.

Од таа соработка произлегуваат донации за учениците и училиштето во потребен материја за работа, училиштето има спортска сала која ја користи заедно со СОУ„АТА“ од Центар Жупа.

Училишната зграда во Центар Жупа и подрачното училиште во с.Броштица се од тврда градба и се во добра состојба и безбедни за изведување на настава. Додека подрачното училиште во с.Горенци е „монтажна барака“ покриена со азбесни табли и не е безбедна за изведување на настава.

Внатрешна површина на училиштето изнесува 2564 метри квадратни, училишен двор 6131 метар квадратен, спортска сала 640 метри квадратни,спортски игралишта 3050 метри квадратни. Училиштето поседува 17 училници, 3 кабинети, 1 библиотека и 5 помошни простории. Дворот е ограден, безбеден и хотикултурно уреден со недоволно поставени корпи за отпад.

Во с.Броштица има 5 училници, 1 канцеларија, 1 библиотека, 1 санитарен чвор, едно мини спортско игралиште и една остава за дрва, училиштето не е целосно оградено и не е хотикултурно уредено.

Во с.Горенци има 1 училница,1 помошна просторија, 1 санитарен чвор, училиштето не е оградено, нема училишен двор, нема игралиште и не е безбедно за изведување на настава.

Училишните простории во централното училиште во Центар Жупа се затоплуваат со парно на нафта, во с.Броштица со парно на нафта и дрва, а во с.Горенци со ќумбе на

дрва. Осигуран е само објектот во централното училиште во Центар Жупа со полиса број 080001П080443 од 30.08.2023 година до 30.08.2024 година.

Во централното училиште има кабинет по биологија, физика и хемија, помагала по математика, географски карти по географија, компјутери по информатика и 5 смарт табли.

Библиотека која располага со вкупно 3015 книги, од кои наративен жанр 839 на македонски јазик, 700 на турски јазик и 90 на албански јазик, драмски или театарски жанр 589 на македонски јазик, 300 на турски јазик и 70 на албански јазик, дидактички жанр 336 на македонски јазик, 138 на турски јазик и 22 на албански јазик. Училиштето делумно има обезбедено нови нагледни средства.

Училиштето има 29 компјутери, 131 монитор, 52 мали лаптопи, 6 големи лаптопи, 5 принтери, 1 печатач, 5 прожектори и 5 смарт табли. Потребно е обновување на компјутерската технологија. Инвентарот е прилично нов и одржан и е во функција за нормално изведување на наставата. Подрачното училиште во с.Броштица исто така има добар инвентар, додека во с.Горенци има стар инвентар, лоши услови и не е безбедно за изведување на настава.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ од Центар Жупа е општинско деветгодишно основно училиште со две подрачни училишта, во кое наставата се изведува на македонски, турски и албански наставен јазик.

Во учебната 2023/2024 година се реализираат наставни планови и програми преку изготвување на глобални, тематски, тематско-процесни и дневни оперативни планирања за час за задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава, програми за слободни ученички активности и ученички екскурзии, наставните планови и програми изработени од БРО и одобрени од МОН, кои во училиштето се имплементираат со однапред утврдена динамика. Раководниот тим и стручните соработници ги одредуваат приоритетите, динамиката и начините на реализација на наставните планови и програми. Наставниците имаат план за ЕКО, МИО и план за примена на информатичка технологија во наставата. Училиштето има формирано инклузивен тим и истиот има изработено Програма за идентификација на ученици со посебни образовни потреби и образовни потешкотии. Стручната служба на училиштето ги идентификува овие ученици, го следат нивниот психофизички и интелектуален развој и настојуваат со различни средства позитивно да влијаат на когнитивниот, афективниот и социјален развој. Во училиштето дел на наставници изработуваат ИОП за учениците со посебни образовни потреби со наод и мислење кои се вклучени во редовна настава, но поголемиот дел од наставниците не изработуваат посебни дневни планирања за овие ученици. Во училиштето има Програма за работа со талентирани ученици, и истата задоволува. Наставниците од прво, второ, четврто, петто и шесто одделение во одделенска настава изработуваат планирања согласно новата концепција за основно образование, предметните наставници изработуваат планирања согласно кембриџ-програмата.

Родителите со наставните планови и програми и со активностите на училиштето планирани во Годишната програма за работа се запознаени. Училиштето ги информира родителите и учениците, како и сите други кои бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат преку формалните органи на училиштето; формални/ неформални средби и разговори со предметните наставници/ класните /одделенските раководители.

Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го вршат учениците во согласност со нивните родители. Изборот на наставни предмети за учениците од четврто до деветто одделение се врши од листа на предмети кои училиштето ги избира од листата во наставниот план почитувајќи ги насоките од БРО.

Во однос на интегрираните содржини од различни предмети од тимот на инспектори е констатирано дека наставниците во прво, второ, четврто, петто и шесто одделение кои работат по новата концепција за основно образование одржуваат часови со интегрирани содржини од различни предмети и области.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето преку формалните органи планира доволно активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставници и родители, од аспект на родова,национална и социална рамноправност.

Наставниците преземаат одговорност за реализација на меѓупредметните цели, како на пример: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество.

Училиштето не покренува иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми до МОН и до БРО.

### 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Активностите се реализираат во слободното време на учениците и врз основа на соодветни програми. Покрај тоа се вложуваат посебни напори да се создадат соодветни просторни, организациски и други услови за што поквалитетно изведување на овие активности.

Училиштето води политика на поттикнување на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво. Нема развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и на наставниците што го помогнале тоа. Во последните три учебни години учениците учествувале на училишни, општински, регионални и државни натпревари.

- Натпревар по Англиски јазик на 21.03.2020 година
- Натпревар по Математика на 28.03.2020 година.
- Натпревар по Географија 2021 и 2022 година, одржан е регионален натпревар по географија во подрачното училиште во с.Броштица, учество на државен натпревар по географија.
- Во учебната 2022/2023 година учество на регионален и републички натпревар по Географија. Освоено е 15 место од вкупно 120 учесници. Наставникот кој учествуваше на овие натпревари е награден на патронот на училиштето.

Ученичкиот парламент претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштето. Преку оваа заедница учениците имаат можност да учествуваат во креирањето на позитивна клима за развој и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето.

Училиштето нема регистрирано спортски клуб.

Поголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој без разлика на нивната полова,национална и социјална припадност. Во состав на Годишната програма за работа се планирани активности од проектот Мултиетничка интеграција во образованието внатре во училиштето. Реализирани се повеќе активности: одржани заеднички часови, отворен ден по граѓанско образование, заеднички креативни работилници, изработка на промотивни видеа и културно уметнички програми за патрониот празник на училиштето и други позначајни датуми. Училиштето во последните три учебни години аплицирало и добило средства од локалната самоуправа и МОН за дополнување на нагледноста во училиштето.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор, но немаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности. Препораката на наставникот е клучна во планирањето на содржината на работата.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи од страна на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, паралелки и наставни предмети.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: за учебната 2020/2021 година 3,78; за учебната 2021/2022 година 3,68 и за учебната 2022/2023 година 3,65.

Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво.

Од показателите за постигањата на учениците по учебни години се забележува дека во последните неколку учебни години нема големи осцилации на средниот успех на учениците на ниво на училиште.

Во училиштето се посветува внимание на рамноправниот третман на сите ученици во однос на нивните постигања. Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава

Директорот, помошникот на директорот и стручната служба по претходно изготвена програма, утврден план и распоред ја следат реализацијата на наставата. Во училиштето има еден образовен асистент иако во училиштето има две деца со посебни образовни потреби.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштето добива информации и податоци од локалната самоуправа за учениците обврзници во прво одделение. Стручната служба на училиштето е активно вклучена во прибирање на информации со цел навреме да се прифатат и запишат сите деца – обврзници со навршени 6 години во прво одделение во централното и двете подрачни училишта.До родителите кои имаат деца за запишување во прво одделение, лично се доставуваат покани за запишување на нивните деца. Училиштето изработува брошура и преку својата веб страна се информираат родителите за работата на училиштето. Се истакнуваат соопштенија во училиштето за уписот на ученици во прво одделение.

Во училиштето континуирано се следи редовноста на учениците, се анализираат причините за отсуство од наставата и се превземаат мерки за подобрување на редовноста на учениците. Од податоците со кои располага училиштето за изостаноците на учениците во учебната 2020/21 година бројот на изостаноци изнесува 184 оправдани изостаноци и 128 неоправдани изостаноци; во учебната 2021/22 бројот на изостаноци изнесува 125 оправдани изостаноци и 108 неоправдани и во учебната 2022/23 бројот на изостаноци изнесува 174 оправдани изостаноци и 134 неоправдани. Училиштето постојано ја следи состојбата со редовноста на учениците во наставата по периоди. Одделенските раководители во соработка со стручната служба на училиштето редовно имаат советодавни средби со родителите со цел нивно информирање и подобрување на редовноста на учениците.

Стручната служба-психологот во училиштето ги спроведува советувањета на учениците и родителите, и тоа на учениците кои покажуваат намален успех во учењето, нередовно посетување на наставата или несоодветно однесување. Во учебната 2021/2022 година извршени се 12 советувања на ученици и 3 на родители за намален успех и нередовност во наставата.За ова тромесечие направени се 8 советувања на ученици и 1 родител за намален успех и нередовно посетување на наставата.Не се изречени педагошки мерки.

Во училиштето во последните три учебни години има осипување на ученици. Нивниот број само минатава година е 39 ученици. Осипувањето е по барање на родителот, поради промена на местото на живеење а најчесто поради заминување во странство.

Во училиштето во последните три учебни години нема ученици кои се запишале од други училишта од општината а има вратени од странство 3 ученици.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште.

### 2.3 Повторување на ученици

Во училиштето во претходните три учебни години нема ученици кои ја повториле годината.

Училиштето ги запознава учениците и родителите за правото за поднесување на жалба.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

За реализација на наставните планови и програми скоро сите наставници имаат изготвено годишни-глобални планирања, училиштето нема процедура за следење на планирањата на наставниците, дел од одделенските наставници има тематски-процесни планирања и оперативни подготовки за час. Планирањата на наставниците од прво, второ, четврто и петто одделение се во согласност со насоките добиени од БРО за планирање на наставата согласно новата концепција за основно образование.

Освен редовната настава, дел од наставниците ја планираат дополнителната и додатната настава, одделенскиот час и воннаставните активности.

Во своите годишни програми за работа на директорот и стручната служба се планирани активности за подршка на наставниците по однос на изготвувањето на планирањата но имаме делумна реализација, дел од наставниците се изјаснија дека по потреба добиваат одредени инструкции во форма на подршка кога се планира и се реализира наставниот план. Директорот ги информира наставниците за законскиот рок на изготвување и доставување на нивните планирања но системски нема следење на планирањата ниту по однос на роковите ниту содржински ниту квалитативно.

Во планирањата се застапени неопходните елементи за реализација на наставата, за време на реализацијата на интегралната евалуација е констатирано дека изостануваат планирање на техники и форми на работа кои допринесуваат за квалитетна настава. Изостанува планирање и методологија на оценување.

Поддршка и помош на наставниците за подобро да ја планираат наставата не е на посакувано ниво, училиштето им дава подршка со тоа што им обезбедува учество на семинари и разни обуки во соработка со советниците од Бирото за развој на образованието како и инструктивна помош за наставниците-приправници од страна на назначените наставници-ментори.

## 3.2 Наставен процес

Наставата во училиштето се реализира во класични училници. Посетени се вкупно 29 наставници, изземени се неколку наставници кои се пензионираат оваа учебна година, дел наставници надополнуваа од средното училиште и дел патуваа по подрачните училишта. Во училиштето во предметна настава најголем дел од наставниците не применуваат интерактивни стратегии и техники на учење. Интерактивни техники, форми и методи на работа применуваат најголем дел од наставниците во одделенска настава.

Наставниците користат само одобрени учебници и прирачници од МОН. Поголем дел наставници рамноправно ги вклучуваат и третираат учениците од различна полова и социјална припадност во активностите на часот.

Директорот на училиштето беше назначен пред неколку работни денови и неможеше да се констатира дали го следи наставниот процес, помошник директорот беше ангажиран следел, имаше доволно инфорамции за целокупната работа но не документирал за својта работа односно не евидентира и не анализира од прибраните материјали од следењето.

Најголем дел од наставниците од одделенска настава применуваат интерактивни техники на учење а поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Се поттикнуваат и мотивираат учениците активно да учествуваат во наставниот процес и дел од наставниците го земаат за релевантен нивниот допринос.

Мал дел од наставниците во предметна настава применуваат интерактивни техники, форми и методи на учење. Се работи со учениците индивидуално или со цела паралелка но методите кои ги користат не секогаш ги вклучуваат сите ученици. Приодите кои се користат делумно придонесуваат за развивање на индивидуалните вештини за учење на секој ученик.

Делумно се врши размена на искуства за примена на современи техники за работа и примена на ИКТ преку стручните активи и преку дисеминациите од одржаните семинари од таа област во училиштето.

Сите наставници со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, нивната етничка припадност и религиска припадност како и физичка попреченост. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, а во однос на културните разлики, способностите, физичката попреченост, интелектуалната попреченост и друго.

Училиштето нема пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, а со тоа не е предвидено посета на секој наставник на час од страна на директорот или од стручните соработници, и училиштето нема наоди од следење и нема можност истите да се користат за подобрување на наставниот процес.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Средината за учење во дел од просториите за изведување на настава е мотивирачка, посебно подрачното училиште во село Броштица. Зидовите во училниците од предметна настава во централното училиште беа полни со изработки од ученици кои немаа едукативен карактер и не произлегуваат од работата на часовите, подрачното училише во село Горенци беше во многу лоша состојба.

Мал број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат. Учениците сметаат дека само понекогаш имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено во предвид. Поголем број ученици сметаат дека има добри односи меѓу учениците и возрасните во училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар, стручната служба (по потреба или по барање) ги препознаваат образовните потреби на поголемиот број на ученици, ги идентификуваат но не постојат убедливи докази дека се превземаат активности за надминување на проблемите. Мал број наставници од предметна и одделенска настава користат различни интерактивни техники на поучување и оценување. Училишниот психолог имаше Програма за работа со ученици со потешкоти во учењето, Програма за работа со ученици кои не покажуваат интерес кон учењето.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Со критериумите за оценување се запознати учениците и родителите. Оценувањето во училиштето е континуирано и транспарентно, тоа се констатираше и од состаноците со родителите и учениците.

Наставниците мора да внимаваат во планирањето на оценувањето. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго, но изостанува нивното планирање во наставниот план за час или во тематските планирања.

Мал дел од наставниците во предметна настава користат различни инструменти и методи за оценување и многу малку ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има пракса за известување на родителите за напредокот на нивните деца и го применуваат поголемиот број на наставници. Родителите најчесто се информираат за време на родителските средби и на нивна иницијатива. За својот напредок учениците добиваат евидентни листови од страна на класните раководители за секое тромесечие, а од родителите се бара да дадат повратна информација по добиениот извештај. На крајот од учебната година добиваат свидетелства за постигнатиот успех.

Можноста за информирање на родителот преку е-дневникот и програмата „Информиран родител“ преку смс пораки или маил е многу малку искористена заради тоа што родителите не покажале интерес .

# 4 Поддршка на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава, осигурен е еден училишен објект, учениците и наставниците не се осигуруваат.

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор, но тие не се реализираат според предвидениот план.

Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, дворот, итн.) е безбедна (за време на реализацијата на Интегралната евалуација беа идентификувани 2 струјни места кои представуваа опасност за учениците и наставнот кадар) останатите простории не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците.

Во училиштето има еден вработен со вештини за давање прва помош на ученици при несреќни случаи во училиштето, и има потреба од обука.

Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди, но не изведува симулации. Училиштето има програма и протокол, пишани документи во кои се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните, што се сметаат за психичко и физичко насилство. Училиштето многу малку пред учениците реализира обуки работилници од областа на безбедноста и здравјето на учениците.

Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците, и се применуваат механизми за постапување и справување со појавата на различните облици на насилство.

Вработените имаат знаење за процесот на заштита на детето, но потребно е нивно дополнително обучување. Тие внимателно им приоѓаат на потребите на децата, но не секогаш ги земаат предвид нивните права, приватност и достоинство.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирањена наркотични супстанции, што подразбира дека во училиштето не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.

Училиштето не може успешно да се справи со овие појави во училишниот двор по завршувањето на наставата, од изјваите на директорт и службите се констатираше дека понекогаш се случуваат оштетувања на зеленилото и насадените цвекиња.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост и соработува со родителите. Училиштето нема механизми за вклучување на соучениците во давањето помош и водењето грижа за децата со пречки во развојот/физичка попреченост.

Пристапот во училиштето недоволно е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Во училиштето не постои посебен тоалет за ученици со физичка попреченост.

Во централното училиште има 8 ПП апарати истите се сервисирани на 24.08.2023 година, во училишните објекти нема хидранти.

Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства.

Во училиштето има формирано училишен Инклузивен тим со одлука бр.03-58/1 од 02.03.2021 година.

### 4.2 Здравје

Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти во секое време од денот. Ходниците, скалите, подот во училниците и останатиот училиштен простор се чистат најмалку еднаш во денот. Спортаската сала за која училиштето нема чиста надлежност за управување одржување и користење беше во лоша хигиенска состојба, и не се користеше, вотриот ден од реализацијата на Интегралната, салата беше исчистена и во функција.

Дворот на училиштето не е чист од секаков вид отпадоци. Во училиштето нема доволно корпи за отпадоци.

Извршен систематски преглед на вработените.

Во училиштето е извршена Дезинфекција, Десинсекција и Дератизација на ден 29.08.2023 година. Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката на иницијатива на одделенскиот/класниот раководител или предметниот наставник, и согласно протоколите на МОН во согласност со Министерството за здравство во соработка со родителите и/или другите релевантни институци.

Систематскиот преглед на наставниците беше реализиран на ден 15.01.2021 година додека здравствено хигиенски преглед беше одржан на 27.03.2023 година.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Информациите за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување, што училиштето им ги обезбедува на учениците, не секогаш се јасни, точни и релевантни. Училиштето има програма за професионална ориентација.

Училиштето организира активности за професионална ориентација на учениците само на барање на надворешни субјекти.

Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, доусовршување или вработување по завршувањето на основното и средното образование е ограничена и се нудат само општи информации на барање на родителите и учениците.

Училиштето не нуди професионална ориентација на деца со посебни образовни потреби.

Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците со емоционални проблеми и изготвија социјална карта на учениците од училиштето.

За спроведување на процедурите е одговорна стручната служба.

### 4.4 Следење на напредокот

Еден дел од наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигањата, редовност, поведението на секој ученик/ученичка.

Напредокот на ниво на училиште системски не се следи. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката, добиени врз основа на сопствена проценка и проверка.

Наставниците подготвуваат извештаи по квартали за својата паралелка, што им се достапни на сите заинтересирани страни, на нивно барање. Резултатите од анализите не се прегледни и добиените податоци ретко се користат за подобрување на воспитнообразовниот процес и не прават анализи на ниво на училиште кои подоцна можат да бидат од корист.

# 5 Училишна клима

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Со сите активности што ги планира и презема училиштето, угледот/имиџот што го има може да се каже дека е подобрен. Од извршените анкети дел од наставниците, учениците и родителите сметаат дека имиџот што го има пред се во локалната заедница, е на потребното ниво.

Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Училиштето има договорени процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во пракса.

Односите во училиштето се уредуваат нормативно и со следните правилници и акти: „Куќен ред", „Правилник за пофалби, награди и педагошки мерки", „Етички кодекс за оценување" и „Етички кодекс за безбедно училиште". Во нивната изработка учествувале претставници на структурите на училиштето.Училиштето води политика на доследно почитување на Кодексот на однесување од наставниот кадар и од учениците.

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот и истовремено постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и поголем дел од наставниот кадар играат важна улога во одржување на релативно добра работна атмосфера во училиштето, училиштето е мултинационално, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Училиштето навреме и на правилен начин се справува со наставниците и вработените кои се однесуваат несоодветно. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите.

Учениците без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

На крајот од учебната 2022/2023 година 196 ученици се со примерно поведение. Нема ученици со намалено поведение. Дисциплината на учениците главно задоволува. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште.

Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки.

За овие два месеца од оваа учебна година 2023/2024 година, направени се 20 советувања на ученици, 3 на родители и наставници. Досега за овие два месеца не се изречени педагошки мерки. Со сите активности што ги планира и реализира училиштето, постои тренд на подобрување на поведението и дисциплината на учениците во последните 3 години.

Учениците се навремено и целосно информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

Во училиштето е формиран Ученички парламент кој има изготвено Програма за работа со помош на одговорниот наставник и стручната служба. Преку Ученичкиот парламент учениците учествуваат во решавањето проблеми и донесуваат одлуки што се од нивно значење. Претседателот на Ученичкиот парламент учествува во работата на Училишниот одбор. Постои и самоиницијативно разгледување на некои поважни прашања врзани за училишниот живот со давање предлози и идеи за реализирање на некои значајни активности.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар ја организира средината за учење со поставување на јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање.

Учениците имаат можности, согласно своите способности и интереси, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и вонаставните активности. Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Натпреварите на кои учествуваат учениците ја збогатуваат традицијата што ја има училиштето во однос на постигнатите успеси кои се гордост и за самата институција, но и за самите ученици.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Покрај сите активности што ги планира и реализира, училиштето презема активности за да ги запознае родителите со правата на децата.

Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и за време на активностите на часот и надвор од часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи (училиштето е мултинационално). Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со дискриминација на глобално ниво, но и во училиштето.

Доколку учениците забележат каква било форма на злоупотреба на туѓите или на личните права, можат во секое време да се обратат кај соодветната служба во училиштето, одделенскиот наставник, било кој наставник и раководниот орган. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето има стратегија и реализира бројни активности за поттикнување на родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа, но нема организирано конкретна обука за родителите.

Училиштето користи бројни ефективни методи за комуникација со родителите преку: родителски средби (општи и на ниво на паралелката); состаноци со родители по групи; индивидуални родителски средби; писмено или усно (телефонски/интернет), соработка на релација стручна служба-семејство и советување на родителите. Во училиштето нема определено приемен ден.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето редовно и навремено ги известува за напредокот на нивното дете. Постои добра комуникација меѓу наставниците и родителите. Родителите се слободни за некој проблем да се обратат до стручната служба во училиштето. Низ демократска процедура се врши избор на претставниците на родители во Училишниот одбор. Одлуките донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и достапни.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор. Интензитетот на соработка со невладиниот сектор со кој се создава добра комуникација и се гради солидна основа за конструктивност врз цврстата и нераскинлива врска која што секако започнува од образованието е во постојан раст. Училиштето има добра соработка со месното население и деловната заедница, организира активности за да ја одржи и поттикне соработката.

.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Работата на училиштето се одвива во едно централно училиште во Центар Жупа и две подрачни училишта во с.Броштица и с.Горенци.

Воспитно образовната работа во ООУ „Мустафа Кемал Ататурк" од Центар Жупа се реализира во една смена на македонски, турски и албански наставен јазик. Во подрачното училиште во с.Броштица наставата се изведува во две смени на македонски наставен јазик, во подрачното училиште во с.Горенци наставата се изведува во една смена на македонски наставен јазик. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение број 09-7400/2 од 30.12.2004 година, издадено од страна на Министерството за образование и наука - Скопје.

Училиштето е основано на 17.03.1962 година под број 01-1166/1 како ОУ„Моша Пијаде" од општина Дебар. На 10.10.2008 година сменето е името во ООУ „Мустафа Кемал Ататурк" – Центар Жупа како централно училиште со две подрачни училишта во с. Броштица и с. Горенци по решение бр. 08-441/2 од 03.08.2011 година од Градоначалникот на Општина Центар Жупа.

Училиштето е запишано во централниот регистар на РСМ под деловоден број 31120170000696 од 21.11.2017 година.

Училишната зграда се одржува и е во добар ред. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вonнаставните активностии се труди да ги задоволи потребите на учениците и наставниот кадар. Централното училиште поседува 8 противпожарни апарати кои се сервисирани на 24.08.2023 година, има План за евакуација при елементарни непогоди - Оперативен план со број 03—06/1 од 05.01.2021 година. На ден 14.06.2022 година направен надзор од инспектор за управување со кризи и составен е записник со број 03-129/1 и не се констатирани недостатоци. За прва помош и заштита е обучен 1 наставник.

Училишните простории во централното училиште во Центар Жупа се затоплуваат со парно на нафта, а во ПУ с.Броштица на дрва и нафта и ПУ с.Горенци затоплувањето е со ќумбиња на дрва. Објектот само во централното училиште е осигурани, во училиштето има видео надзор и поставени се фотоволтаици.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со недоволен број разновидна стручна литература. Наставните средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети се прави напори да се надоградуваат и зголемуваат. Во континуитет ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудио-визуелна и ИКТ опрема.

Училиштето по сите предмети има обезбедено мал број на нагледни средства согласно нормативот за основно образование како и наставни средства изготвени од страна на наставниците. Добиени се мал дел на современи нагледни средства по природни науки и истите ќе се распределат по предмети: физика, хемија, биологија и математика.

Располага со аудио-визуелна, компјутерска опрема и друг вид наставни средства. Поседува 131 монитор, 29 компјутери, 52 мали лаптопи, 5 смарт табли, 5 принтери, 1 печатач, 5 прожектори и 6 големи лаптопи. Потребно е обновување на компјутерската технологија. Инвентарот е прилично нов и одржан и е во функција за нормално изведување на наставата. Подрачните училишта,едното во с.Броштица е добро додека другото подрачно училиште во с.Горенци е со стар инвентар и лоши услови за изведување настава.Треба да се доогради и уреди дворот во с.Броштица, а во с.Горенци треба да се вложи повеќе напор за подобрување на условите како наставата би била безбедна.

Училиштето има систем за следење на нивната употреба. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето. Учењето и наставата се збогатени со користење на ИКТ. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Училишната библиотека работи во просторни услови кои одговараат на потребите. Библиотеката е добро подредена, располага со компјутер и програма за библиотечно работење. Евиденцијата на библиотечниот фонд се врши на компјутер и со евидентна книга. Библиотеката е отворена и достапна за користење од страна на учениците.

Библиотека која располага со вкупно 3015 книги,од кои наративен жанр 839 на македонски јазик, 700 на турски јазик и 90 на албански јазик, Драмски или театарски жанр 589 на македонски јазик, 300 на турски јазик и 70 на албански јазик, Дидактички жанр 336 на македонски јазик,138 на турски јазик и 22 на албански јазик. Училиштето делумно има обезбедено нови нагледни стредства.

Бесплатните учебниците им се доделуваат на учениците согласно претходно изготвен Правилник од страна на МОН.

Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вонаставните активности, согласно планот на училиштето. Набавениот потрошен материјал ги задоволува потребите на училиштето.

### 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, нема кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби-дефектолог. Во училиштето вработени се вкупно: 61 лице од кои: 1 директор, 1 помошник директор, 43 наставници, 1 воспитач, 1 секретар, 1 книговодител и 4 стручни соработници (педагог, психолог, социолог и библиотекар), 9 помошно – технички работници.

Според степенот на образование вработените како наставници се: 1 лице е магистер, 45 лица со високо образование, 4 со вишо образование, 4 со средно образование и 7 со основно образование 5 со друго образование од нив 7 се со несоодветно образование. Од вкупно 43 наставници во училиштето 26 се на неопределено и 19 на определено време.

Наставниот кадар е во согласност со нормативите и поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки. Квалификуван е и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Наставниците во поголем дел ефективно придонесуваат за работата на училиштето и во поголем дел успешно работат како тим во рамките на стручните активи.

Постојниот наставен кадар сериозно приоѓа кон работата, односно планирањето и изведувањето на наставата и вонннаставните активности. При распределбата на кадарот предвид се земаат квалитетите, искуството и експертизата на наставниците, што во најголем дел придонесува за исполнување на целите на наставата. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

Училиштето има целосна стручна служба. Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба во својата Програма за работа планира и спроведува разни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

На 16.08.2023 година направена е обука на наставниот кадар на тема: програма 29 од БРО за наставниците на сите три јазици кои се застапени во училиштето.

Во последните три години спроведени се следните обуки на наставниот кадар:

- На ден 01.10.2021 година беше одржана обука за практична примена на модул 3 за новата концепција за основно образование, присутни беа 19 наставници.
- На ден 31.10.2022 година обука на тема: Програма 12 за сите наставници од сите три наставни јазици на кои се работи во училиштето.
- На ден 01.10.2023 година обука за практична примена на модул 3 од новата концепција за основно образование, присутноста беше од 19 наставници.

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку спроведување анкетен прашалник и обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми. Постои пракса на размена на искуства и преку следење на работата од колеги од стручниот актив и тоа мешано (мултинационално).

Училиштето има и реализира План и програма за професионален развој на кадарот и има стратегија за десиминација на знаењето на кадарот. За новите вработени во училиштето се организира запознавање со нивните обврски како приправници, одредување ментор, неговата улога и значење, давање инструкции околу полагањето на приправничкиот испит и се она што ќе значи помош на наставниците-приправници.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми.

Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства.

Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите правила и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Ги информира вработените за училишниот буџет и трошењето и ги консултира кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност.

Буџетот се користи наменски и за цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Во училиштето орган на управување е Училишниот одбор. По својата структура тој е колегијален орган составен од 7 членови, од кои 3 претствници од редот на наставниот кадар и стручната служба, 3 претставници од редот на родителитеи 1 претставник од основачот. Во работата на Училишниот одбор учествува и претставник на Училишниот парламент без право на глас. Нема родова еднаквост во Училишниот одбор.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на Училишниот одбор се јасно дефинирани во Деловникот за работа број 02-37/1 од 27.02.2023 година. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со Деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови.

За својата работа и одлуките кои ги носи Училишниот одбор обезбедува редовни, сеопфатни и детални информации за другите субјекти вклучени во животот и работата на училиштето.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и други органи во училиштето. Во изминатиот период не е организирана обука за членовите на Училишниот одбор. Училишниот одбор учествува во креирањето на училишната политика, ја дефинира визијата и стратегијата на училиштето, ја надгледува реализацијата, промовира развој и одржува отворен контакт помеѓу училиштето и интересите на заедницата.

Раководниот орган добро раководи со училиштето и во раководењето има поддршка од сите вработени. Објективно ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајки се на нивниот придонес во тимската работа која е одлика на раководењето на органот. Успешно раководи со училиштето, иницира и донесува одговорни одлуки во полза на современиот образовен систем. Целосно е посветен на јасно поставени приоритети во развојниот план преку ефективна и конкретна Самоевалуција, а како цел на своето работење им дава приоритет на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес во училиштето.

Директорот има професионален однос кон работата, добра комуникација со вработените и се грижи за нивниот професионален развој. Работи на подобрување на стандардите и промовирање на личниот развој на учениците. Преку ангажирање на поголем број на субјекти во училиштето настојува да го подигне квалитетот на наставата. Воспоставува соработка во непосредната и пошироката заедница.

## 7.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите поставени во Програмата за развој на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставниот процес и постигнувањата на учениците. Вработените, родителите и учениците земаат учество во креирањето на развојните политики на училиштето. Училиштето работи на поголема вклученост на сите субјекти во креирањето и остварувањето на мисијата и визијата на училиштето.

Училиштето преку одредена процедура ја креира училишната политика. Се труди да го подобри квалитето,и политиките се насочени кон унапредување на квалитетот на

работењето на училиштето, вклучувањето на учениците со посебни образовни потреби во сите активности во училиштето, меѓуетничата интеграција во образованието и граѓански активизам. Во континуитет работи на намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство и еднаков пристап до квалитетно образование.

Училиштето има Акционен план за следење на остварувањата на резултатите од дефинираните цели и План за следење и евалуација и Индикатори за остварување на резултатите од поставените цели. Работи на информирање на наставниците, учениците и родителите.

# Наоди и препораки

## Силни страни

- Наставниците кон сите ученици се однесуваат на начин кој промовира взаемно почитување (училиштето е мултинационално).
- Постои координирана и континуирана соработка меѓу Училишниот одбор и раководниот тим на училиштето.
- Училиштето има партнерски однос со локалната заедница, невладини организации и други институции.
- Постои добра соработка со дијаспората особено иселениците во Република Турција.
- Добри меѓучовечки односи во училиштето.

## Слаби страни

- Подрачното основно училиште во с.Горенци е во лоша состојба и не е безбедно за изведување настава.
- Во училиштето не се дообезбедени посебни услови за помош и поддршка на ученици со телесни пречки во развојот.
- Не се осигурани училишните згради во подрачните училишта
- Не е формиран училилишен спортски клуб.

## Препораки

- Да се подобрат условите за безбедно реализирање на наставата во подрачното училиште во с.Горенци.
- Училиштето да го доуреди пристапот, ангажира и обезбеди соодветни услови и кадар за помош и поддршка на ученици со телесни пречки во развојот.
- Да се осигураат училишните згради во подрачните училишта.
- Да се формира училишен спортски клуб.

| | |
|---|---|
| Џемо Демироски, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Бошко Стефаноски, Инспектор | |
| Нермина Караѓоска, Инспектор | |